**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 35 од Статутот на Акционерско друштво за организирана исхрана,угостителство и туризам,агенциско работење и трговија УГОТУР Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 1 и член 476 став 4 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА УГОТУР АД Скопје**

**(1) Се дава согласност да се извршат следните измени и дополнување на Статутот на УГОТУР АД Скопје:**

**Член 1**

**По членот 30 од Статутот се додава нов член 30а кој гласи:**

„Друштвото може да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција пред денот на одржување на собранието.

Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Друштвото кое има воспоставено систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите. „

**Член 2**

**Во членот 40 од Статутот се вршат следните измени:**
**Ставот 2 од чл.40 се менува и гласи:**

„За член на Одборот на директори не може да биде избрано лице против кое е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на Друштвото, во периодот додека трае таа забрана.„

**Ставот 3 од чл.40 се менува и гласи:**

„За членови на Одборот на директори не треба да бидат назначувани:
-директори во конкурентско друштво;
-менаџери во конкурентско друштво;
-вработени во конкурентско друштво.„

**(2) Одлуката за измена на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на Друштвото.**

**(3) Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на Друштвото да подготви пречистен текст на Статутот на Друштвото.**

**Арх.бр.--------**
**--.--.2022 година**
**Скопје**

**Годишно собрание на акционери на**
**УГОТУР АД Скопје**
**Претседавач**

__________________________

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предложеното дополнување на статутот со вметнување на нов член 30а е направено од причина што со давањето на законската можност на акционерите за гласање со кореспонденција се врши рационализација на постапката на гласање на акционерските собранија и поедноставување на остварувањето на правата на сите акционери на друштвото.
Понатаму, со оглед на фактот дека досегашните решенија во став 2 и во став 3 од членот 40 од Статутот на друштвото не се во функција на ефикасно работење при изборот на членови на органот на управување, со измените кои се предлагаат се врши прилагодување на статусните решенија со законските одредби кои го определуваат начинот и условите за избор на членови во Одборот на директори на друштвото.
Од тие причини е предложена оваа Одлука до Собранието на акционери како надлежен орган.